До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, со кое се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси во ситуација кога лицето има овластување Б за изработка на проектна документација од градежништво, по што е ополномошник застапник на правни и физички лице при поднесување на документација преку системот е-одобрение за градење до општина Виница, но од друга страна е вработено лице во општина Виница на работно место Советник за комунални работи и уредување на градежно земјиште.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, **службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.**"

Член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси:
„(1) **Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.**
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси."

Со оглед на тоа дека Државната комисија не располага со документација во однос на работните задачи на вработеното лице во општина Виница и неговото учеството при издавањето на одобрување за градба од втора категорија што е во наделжност на општината, Државната комисија укажува дека ќе настане состојба на судир на интереси доколку истото лицето од една страна изработува проектна документација за потребите на правни и физички лица за фазите Г и ВК согласно овластувањето, од каде остварува финансиска корист, а од друга страна би биле вклучени во издавањето на одобрување на градба.

Имено, доколку во конкретна ситуација се најдете во состојба на потенцијален судир или судир на интереси потребно е да постапите согласно горенаведените одредби предвидени со член 72 став (1) и (2) и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Понатаму, при вршењето на службените должности како вработено лице во општина Виница потребно е да се има во предвид и следните одредби од Законот за спречување на корупција и судир на интереси:
Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**